# ЈАВЕН ПОВИК

ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје, врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (,,Службен весник на Република Македонија’’ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.101/19) објавува јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари – стоматолошка опрема, мебел, електронска, електрична, информатичка и друга опрема кои немаат вредност односно се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и истите не се користат од страна на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје.

Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари - стоматолошка опрема, мебел, електронска, електрична, информатичка и друга опрема предмет на јавниот повик и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи.

Движните ствари се наоѓаат во подрумските простории во зградата на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје на ул. Мајка Тереза бр.17 - Скопје.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик:

Гордана Максимовска, телефон за контакт: 02/2399-042 и 075/333-054 електронска адреса: gordana.maksimovska@univdentalclinic.org.mk.

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари), како и потребна документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично од просториите на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје на ул. Мајка Тереза бр.17 - Скопје или електронски, преку следниот линк: **Јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад** објавен на веб страната на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје.

Краен рок за доставување на пријавите за учество е **24.10.2024 година до 13:00 часот.**

Комисија за спроведување на постапка за избор
на правно лице кое врши дејност или поседува
дозвола за собирање и/или транспортирање,
преработка, рециклирање и
уништување на отпад